Национална установа
ДРАМСКИ ТЕАТАР
Бр. 0402-616/3
05.12.2018 год.
СКОПЈЕ

NACIONALNA USTANOVA DRAMSKI TEATAR SKOPJE
NATIONAL INSTITUTION DRAMSKI THEATRE SKOPJE

Shekspirova 15, 1000 Skopje, R Makedonija; Shakespeare Str.15, 1000 Skopje, R Macedonia
tel: **+ 389 2 3063 388; 3063 453**;fax: **+ 389 2 3065 325**; **info@dramskiteatar.com.mk**

Врз основа на чл.8 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС, Уметничкиот совет на ден 05.12.2018 г. ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОВЕРКА НА КОМПЕТЕНЦИИ (АУДИЦИЈА) НА КАНДИДАТИТЕ ПРИЈАВЕНИ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС ПОД БР.0402-616/2 ОД 05.12.2018 Г. ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДВАЈЦА АКТЕРИ НА РАБОТНО МЕСТО АКТЕР ТРЕТА ГРУПА НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 5 ГОДИНИ

I. Програмата содржи:

1. Претставување на кандидатот со изведба по сопствен избор;

2 Претставување на кандидатот со задолжителни задачи и тоа:

- Песна од Блаже Конески, со наслов „Разговор“ и
- Монологот „Да се биде или не“ од делото „Хамлет“ на Вилијам Шекспир;
- Интервју со кандидатот.

II. Кандидатите на аудицијата треба:

1. Да покажат говорна техника, сценско движење, способност за анализа на ликовите и реализација на истите, како и физичка подготвеност.

2. Целиот подготвен материјал од Програмата за проверка на компетенциите пред Комисијата да го кажат на памет.

3. Кандидатот е должен, доколку има придружба на аудицијата, да ги покрие сите трошоци за истата.

III. Програмата се објавува од денот на нејзиното донесување и тоа на веб страната на Драмскиот театар (www.info@dramskiteatar.com.mk) и на огласната табла на Театарот.

IV. Пријавените кандидати кои ќе ја достават целосната документација согласно објавениот оглас, ,ќе бидат известени за местото и датумот на одржување на аудицијата.

V. Комисијата ќе ги оценува кандидатите со оценка „положил“ или „неположил“. Комисијата го донесува предлогот за кандидатот, односно кандидатите, со „положен“ или „неположен“, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

VI. Во прилог на оваа Програма се материјалите од задолжителниот дел на аудицијата, кои треба да ги подготват кандидатите.

Уметнички совет на НУ ДТС

1.Ирена Ристиќ- актер

2.Маја Вељковиќ Пановска- актер

3.Јовица Михајловски- актер

4.Катерина Коцевска- актер

5.Игор Ангелов- актер